ЦРВЕН КРСТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Бр. 0302 - 142
08.08 2025 год.
СВЕТИ НИКОЛЕ

**ОГЛАС ЗА ОБУКА НА НЕГОВАТЕЛИ/КИ**
**ЗА ПОМОШ И НЕГА ВО ДОМОТ**

Врз основа на верификуваната програма за обука на *Негувател/ка за помош и нега во домот*, Црвен крст на РСМ – Општинска организација Свети Николе објавува:

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ
- ГРАДОНАЧАЛНИК -
Примено: 08.08.2025
0903-165/10

# КОНКУРС

за учество во обука за негователи/ки на стари и немоќни лица
во рамки на проектот **„Помош и нега во домот“**,
во партнерство со **Општина Свети Николе** и **Министерството за социјална политика, демографија и млади**,
финансиран од **Светска банка**

Се повикуваат сите заинтересирани лица да се пријават за обуката и да се стекнат со верификуван сертификат за *Неговател/ка.*
**Рок за пријавување: 14.08.2025 година до 16 часот.**

## Услови за пријавување:

Кандидатите треба да ги исполнуваат следните критериуми:

1. Да се државјани на Република Северна Македонија;
2. Да имаат наврешено најмалку 18 години;
3. Да имаат завршено минимум основно образование;
4. Да имаат мотивација за работа со стари и немоќни лица и подготвеност по обуката да се вклучат во сервисот за нега во домот при Црвен крст Свети Николе.

## Предност ќе имаат:

- Лица со живеалиште во општина Свети Николе;
- Долгорочно невработени лица;
- Лица од ранливи категории (самохрани родители, социјално загрозени лица);
- Пензионери кои се работоспособни;
- Лица со изразена мотивација да работат во грижлив, хуман и солидарен сектор.

## Опис на обуката:

Обуката ќе биде спроведена од страна на лиценциран обучувач ангажиран од страна на ОО Црвен Крст Свети Николе и ќе се реализира во траење од **250 часа**, од кои дел е теоретски, а дел практичен. Програмата опфаќа: основи на здравствена и лична нега, комуникација со стари и немоќни лица, психосоцијална поддршка, прва помош и основи на етика, грижа и хигиена и други релевантни содржини.

**Важно:**

- Обуката е **целосно бесплатна** за избраните кандидати и е финансирана во рамки на проектот.
- По успешно завршување, учесниците ќе добијат **верификуван сертификат** што овозможува вклучување во сервисот за нега во домот при Црвен крст Свети Николе.
- Сертификатот се доделува само по **целосно посетување на обуката** и **положување на завршен испит**.
- Сите учесници, **пред започнување на обуката,** ќе треба да потпишат **изјава** со која се обврзуваат дека, по стекнување на сертификатот, ќе бидат ангажирани во рамки на сервисот **најмалку 1 година**.

## Потребни документи за пријавување:

Кандидатите треба да ги достават следниве документи:

1. **Пријава (барање)** – кратко писмо со лични податоци и интерес за учество во обуката;
2. **Фотокопија од лична карта** (за доказ за државјанство и возраст);
3. **Фотокопија од диплома** за завршено најмалку основно образование;

*Напомена:* Некомплетна и ненавремено доставена документација ќе се смета за неважечка и пријавата нема да се разгледува. Кандидатите ги обезбедуваат потребните документи на сопствен трошок.

**Начин на пријавување:**

Заинтересираните кандидати треба да се пријават на е-пошта:
**svetinikole@redcross.org.mk**

или лично со доставување документи на:
ул. „Филип II" бр. 38А, Свети Николе

Сите пријавени кандидати ќе бидат поканети на индивидуално интервју.

За повеќе информации, заинтересираните може да се обратат на тел. број: 071 240 050 или лично во просториите на Црвен крст Свети Николе секој работен ден од 09:00 до 15:00 часот.

Црвен крст на Република С. Македонија

Општинска организација Свети Николе

ВД Секретар Анета Јорданова